Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Модул 3:

# Социјални вештини

## Посебни училишта

ASD-EAST

# Цели :

- Да ги разберат разликите и недостатоците на социјалните вештини на учениците со АСН.
- Да бидат во можност да ги идентификуваат методите и алатките за учење на различни социјални вештини
- Да се стекнат со знаење за основните техники и алатки за подучување социјални вештини

# Кои се социјални вештини?

- Соработка
- Споделување
- Учество
- Помагање на другите
- Да се биде трпелив
- Следење на  упатства
- Останување на задачата
- Прифаќање на разлики
- Слушање
- Љубезност и учтивост
- Почитување на себе си и другите
- Чекање на ред

# Неколку дефиниции...

- Социјална вештина е која било вештина што ја олеснува интеракцијата и комуникацијата со другите. Социјалните правила и односи се создаваат, комуницираат и се менуваат на вербални и невербални начини. Процесот на учење на таквите вештини се нарекува социјализација.

- Способност за успешна интеракција со другите луѓе и функционирање во групи.

- Вештини што се користат во социјални ситуации, како што се поздравување, можности за градење врски и вообичаени интеракции во кои учествуваме, што ни овозможуваат да соработуваме и да стапуваме во интеракција со други.

# Најчести социјални предизвици со кои се соочуваат децата со АСН

- Имитација
- Заеднички интерес
- Заедничко внимание
- Социјален  реципроцитет (преземање на ред на зборување во спонтан говор)
- Испраќање и примање на невербална комуникација
- Контакт со очи
- Изрази на лицето
- Формирање / одржување врски
- Теорија на умот

# Разлики во социјалната интеракција

- Стануваат видливи бидејќи детето расте, а овој аспект на неговиот развој останува недоволно развиен.
- Во меѓувреме, врсниците стануваат сè повеќе социјални компетентни.

ЗАПОМНЕТЕ:

- Социјалните вештини НЕ се поврзани со когнитивните способности или нарушувањето;
- Социјалните вештини продолжуваат да се развиваат со возраста;
- Социјалните вештини треба постојано да се учат и да се развиваат во текот на училишниот живот
- Она што е прифатливо на 6 години не е секогаш прифатливо на 12 години

# Невербални вештини

## Говор на телото:

Контакт со очи

Фацијална експресија

Гест

Оддалеченост

Допир

Движења на рацете и нозете

Држење на телото

## Личен изглед:

- Облека
- Лична хигиена

## Паралингвални вештини:

- Фреквенција
- Интонација
- Чистина
- Јачина
- Флуентност

# Вербални вештини

- Слушање
- Започнување на разговор.
- Одржување на разговор
- Завршување на разговор

**Асертивно однесување:**

- Изразување на чувства,
- Заземање за себе си
- Давање на предлози
- Одбивање, несогласување , жалење
- Извинување и барање објаснување

# Зошто играта има важна улога?

- Децата ги учат вештините потребни за целиот процес на социјална интеракција преку игра на пр. споделување, чекање на ред, саморегулирање и споделување на простор со други.

- Овие вештини треба да бидат усвоени за да се реализира успешна интеракција

# Развој на играта...

- ✓Имитација
- ✓Заеднички интерес
- ✓Заедничко внимание
- ✓Чекање на ред
- ✓Покажување
- ✓Насочување на комуникација
- ✓Функционална игра со различни играчки
- ✓Соодветен одговор при социјалниот ангажман
- ✓Игра имитативни игри сам или со други
- ✓Типичен развој на говорот

ASD-EAST
Autism Spectrum Disorder
Empowering And Supporting Teachers

2018-1-UK01-KA201-047872

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

# Интензивна интеракција

Прикажете видео клип со интензивна интеракција во
праксата како на следниот пример:

https://www.youtube.com/watch?v=UvIEwUbzF4c

# Дозволете детето да ве води..

- Влегувате во светот на децата, надевајќи се дека тие ќе ве поканат и ангажираат. Ова може да вклучува вртење, скокање, сортирање, редење итн.
- Имитирајте го детето и искористете го нивното темпо на интеракција.
- Намалете ја вашата вербална комуникација на апсолутен минимум.

# Забавувајте се додека ги учите да играат

Пред да се „дружите“ со децата, разгледајте ги следните карктеристики:

- Степен на внимание
- Ниво на комуникација
- Структура на околината
- Разлики во сензорната обработка

# Активност: Развивање социјални вештини

Користејќи :

- Меурчиња
- Кукли
- Играчки автомобили
- Огледала
- Лего и др.вид на коцки
- Песок, игра на вода

## Како ќе се развијат овие вештини?

- Блиска игра
- Заедничко внимание
- Имитација
- Чекање на ред
- Соработка
- Споделување
- Емпатија

# Воведување во едноставни игри

Кога раните социјални вештини се вградени, комплексноста на социјалното учење може да се зголеми.

Едноставни, традиционални физички игри кои имаат многу јасни правила, како што се:

- Шуга/Ти си?
- Штркот бара боја
- Мамо, мамо колку е саатот**?**

# Друштвени игри

Примери на игри со едноставни, јасни правила:

- Не лути се човече
- Џенга
- Домино
- Црн петко
- Магаре



# Што се социјални приказни( Social Stories™) ?

Развиени од Керол Греј, Социјални приказни (Social Stories)™ обезбедуваат формат со помош на кој луѓето со АСН треба да научат за социјалните очекувања во светот околу нив.

За лицата со АСН се смета дека не се во можност да ги „прочитаат“ суптилните социјални знаци, па затоа им треба многу поддршка за да функционираат во социјалата сфера.

# Зошто се употребуваат социјалните приказни?

- Социјалната приказна може да го зголеми разбирањето на детето за другите луѓе и социјалните ситуации.
- Може да помогне детето да се подготви за ново искуство.
- Може нежно да го насочи детето на корисен начин да се однесува во одредена ситуација.
- Може да се претстави на различни визуелни начини кои одговараат на поединецот (ниво на познавање, ниво на јазик, користење фотографии и сл.).



2018-1-UK01-KA201-047872

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

# Социјална приказна (пример)

Тренерот додава свој личен пример за социјална приказна од својата пракса.

# Пишување на социјална приказна ...

**Вовед**

Ја поставува сцената со информации релевантни за проблемот

**Средината**

Давање на перспектива на другите луѓе

Воведување на стратегија

Персонализирајќи го проблемот

Предлагање нов начин на однесување или размислување

**Заклучок**

„ Ќе се обидам ..........“ - позитивен потсетник

„Другите ќе .........."

# Социјалните приказни функционираат најдобро кога :

- Проблемот е резултат на неразбирање на одредено социјално правило или ситуација во која се наоѓа лицето;
- Тие се напишани индивидуално за поединецот;
- Напишани се во  прво лице;
- Тие се едноставни, точни и вистинити;
- Стилот е соодветен на секоја индивидуа.

# Социјалните приказни функционираат најдобро кога :

Се напишани  позитивно и неосудувачки

- Не се споменува негативно однесување
- Се предлага посакувано однесување
- Индивидуата е заштитена од неуспех на говорот, како што е Јас ќе се обидам да…

# Како да се започне?

➢Треба да започнете со истражување на она што поединецот знае за досегашната состојба.

➢Ова ќе ви помогне да знаете што сè уште треба да знаат: што можете да му кажете / да и кажете.

➢Во правењето социјална приказна за некого, може да сфатите дека другата страна на социјалниот проблем е начинот на кој другите луѓе прават претпоставки, припишувајќи мисли и мотиви на лицето со АСН што може да биде далеку од точно.

# Активност : Напишете кратка социјална приказна

Размислувајќи за ученик со кого работите, напишете социјална приказна која се однесува на ситуацијата со која има проблем да се справи...

# Заклучок :

- ✓ Социјалните вештини се развиваат во текот на животот.
- ✓ На секое дете му е потребна своја индивидуална програма за поддршка и придонес во зависност од нивото на вештина.
- ✓ Важно е училиштата да обезбедат обука за социјални вештини за своите ученици бидејќи може да им недостасуваат можности да ги развијат овие вештини на друго место.
- ✓ Работетe со родителите за да се осигурате дека научените вештини се вградени во домот и училиштето. Размислете за работилници за да им обезбедите на родителите вештини и информации што ќе им бидат потребни за да им помогнат на напредокот на социјалните вештини на нивните деца.

# Дознајте повеќе на :

www.carolgraysocialstories.com
www.socialthinking.com



# Рефлексија

1) Напишете барем три стратегии или техники или поддршка што можете да започнете веднаш да ги користите или да ги примените веднаш со вашите ученици.

2) Напишете што сакате долгорочно да имплементирате со вашите ученици.

3) Кои се најважните работи што сакате веднаш да ги споделите со колегите?

# The ASD-EAST partnership

University of Northampton

University of Zagreb
Faculty of Education and
Rehabilitation Sciences

Pedagogical University of Cracow

CENTAR ZA AUTIZAM

TARGET AUTISM

ПОУ "Д-р Златан Сремец"
Скопје

Blue Firefly

Autism Europe aisbl

ASD-EAST
Autism Spectrum Disorder
Empowering And Supporting Teachers

2018-1-UK01-KA201-047872

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

# Disclaimer

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflects the views only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.

ASD-EAST
Autism Spectrum Disorder
Empowering And Supporting Teachers

2018-1-UK01-KA201-047872

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union